Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, врз основа на член 152 став 4 и 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14), а во согласност со Заклучокот на Агенцијата бр.02-1064/5 од 25.02.2014 година, на 11-та седница одржана на 25.02.2014 година, усвои:

# ПРОЦЕДУРА ЗА ПОСТАПУВАЊЕ НА СТРУЧНАТА СЛУЖБА ПРИ УТВРДУВАЊЕ ПРЕКРШУВАЊА НА ИЗБОРНИОТ ЗАКОНИК ВО ВРЕМЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛСКИТЕ ИЗБОРИ ВО 2014 ГОДИНА

## I. Постапка кога Агенцијата поседува снимка од програмата на радиодифузерот

1. Кога Секторот за програмски работи со мониторингот на програмските сервиси на радиодифузерите што се спроведува врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик ќе утврди прекршок, подготвува извештај кој во електронска форма се доставува до Секторот за правни работи за да се дополни од правен аспект;

2. Истовремено, со цел седницата на Советот да се планира во рокот утврден во член 76-в став 2 од Изборниот законик (три дена по утврдување на прекршувањето) и навреме да се обезбедат доказите за евентуална прекршочна постапка, Секторот за програмски работи го доставува извештајот во електронска форма и до раководителите на: Стручната служба, Секретаријатот и Секторот за технологии и информатика;

3. Веднаш по добивање на извештајот за утврдено прекршување, Секторот за технологии и информатика треба да подготви снимки за прекршувањата што ќе се користат како доказ во евентуална прекршочна постапка или за седница на Советот, доколку членовите на Советот сакаат да го видат/слушнат прекршувањето. За секој извештај треба да се направат по две копии на ЦД од снимките и да се достават до Секторот за правни работи. Оригиналната снимка од прекршувањето Секторот за технологии и информатика треба да ја чува на посебен сервер се додека од Секторот за правни работи не добие писмено известување дека постапката кон медиумот завршила;

4. Секторот за правни работи го дополнува извештајот/те со предлог заклучок и го/ги доставува во архивата на Агенцијата за заверка, во печатена форма со потписите на вработените што учествувале во процесот на утврдување на прекршувањето и изработката на извештајот;

5. Архивата го заверува извештајот (бр. _ - _ / 1) и датумот на заверка на извештајот се смета за датум на утврдување на прекршувањето на одредбите од Изборниот законик според член 76-в став 2;

6. Архивата во електронска форма доставува скениран извештај до раководителот на Стручната служба и до раководителот на Секретаријатот на Агенцијата за да се дистрибуира до членовите на Советот;

7. Истовремено во архивата се заверува и примерок од извештајот без делот на Секторот за правни работи, кој ќе се користи како доказ во постапката за порамнување и во евентуална прекршочна постапка пред надлежен суд со архивски бр. _ - _ / 2;

8. Во периодот од заверка на извештајот за утврдено прекршување кај конкретен радиодифузер до одржувањето на седницата на Советот, Секторот за правни работи ги

подготвува документите неопходни за спроведување на постапката за порамнување согласно Законот за прекршоците;

9. По усвојувањето на извештајот на седница на Советот, Секретаријатот на Агенцијата подготвува заклучок за негово усвојување;
10. Врз основа на заклучокот од седницата, Секторот за правни работи ги доставува кај раководителот на Стручната служба документите за спроведување на постапката за порамнување;

11. По потпишувањето на документите за спроведување на постапката за порамнување и нивната заверка во архивата, Секретаријатот на Агенцијата со брза пошта ги доставува до радиодифузерите;

12. Ако постапката за порамнување е неуспешна, Секторот за правни работи ќе изработи записник за неуспешно спроведена постапка за порамнување што го потпишува претседателот на Агенцијата и е основ за поднесување барање за поведување прекршочна постапка до надлежниот суд во роковите утврдени во Законот за прекршоците;

13. Ако постапката за порамнување е успешна, Секторот за правни работи ќе изработи записник за успешно спроведена постапка за порамнување што го потпишува претседателот на Агенцијата со што предметот се смета за завршен.

**II. Постапка кога Агенцијата не поседува снимка од програмата на радиодифузерот**

1. Кога Секторот за програмски работи не поседува снимка од програмата на конкретен радиодифузер кај кого надворешниот соработник ангажиран за негов мониторинг утврдил прекршување, веднаш по регистрирањето на записот за прекршувањето во софтверот на Агенцијата за анализа на радио и ТВ програма, подготвува допис до радиодифузерот во кој согласно член 75-г бара да достави снимка;

2. Во моментот кога Секретаријатот на Агенцијата ќе го испрати дописот до радиодифузерот (со брза пошта), копии од дописот доставува до Секторот за правни работи и Секторот за програмски работи;

3. Ако радиодифузерот во законскиот рок утврден во член 75-г став 2 (48 часа од добивањето на барањето) достави снимка во Агенцијата, Секторот за програмски работи ги проверува наводите од мониторингот на надворешниот соработник и доколку навистина утврди прекршување подготвува извештај и постапува на начин како кога Агенцијата поседува снимка;

4. Ако радиодифузерот во законскиот рок утврден во член 75-г став 2 (48 часа од добивањето на барањето) не достави снимка во Агенцијата:
- Секторот за правни работи по истекот на рокот, за седница на Советот подготвува информација за недоставување снимка со предлог заклучок да се поведе постапка за порамнување/прекршочна постапка поради непочитување на обврската од член 75-г став 2 од Изборниот законик;
- Секторот за програмски работи, врз основа на записот за прекршувањето во софтверот на Агенцијата и по консултации со надворешниот соработник подготвува извештај за

утврденото прекршување кај радиодифузерот. По извештајот се постапува на начин како кога Агенцијата поседува снимка од програмата на радиодифузерот.

**Бр. 01-1123/1**

**26.02.2014 година**
**Скопје**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**